РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
ул. Првомајска 6б, 1000 Скопје, Република Македонија; тел: ++389 2 2785 400;
факс: ++389 2 2770 210; е-маил: contact@kiselavoda.gov.mk;
веб страна: www.kiselavoda.gov.mk

Бр. 14-400/34 од 04-11-2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија, бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Општина Кисела Вода, на ден 28.10.2016 година донесе

ОДЛУКА
за неспроведување на стратегиска оцена

1.За планскиот документ Детален урбанистички план за блок Ј20.04, четврт Ј20, реон Ј - Општина Кисела Вода, Скопје, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 24/08, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2.Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кисела Вода.

3.Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ за ДУП за блок Ј20.04, четврт Ј20, реон Ј, Општина Кисела Вода, Скопје, нема да има влијание врз животната средина затоа што е предвидена класа на намени – домување (А1 и А2), јавни институции (В1,В2 и В5), парковско и заштитно зеленило (Д1 и Д2), спорт и рекреација (Д3), комунална инфраструктура - сообраќајни коридори (Е1) и комунална супраструктура – трафостаница(Е2/ТС).

Просторот во рамките на планскиот опфат е дефиниран со ГУП на Град Скопје и е основа за понатамошно планирање на просторот. Ваквите намени во целост се почитуваат во предметниот ДУП. Мотивите за изработка на ДУП на овој предметен плански опфат се предвидување на нови површини за градба, реконструкција и урбанизација, редефинирање на намените, градежниот и нумеричкиот дел, усогласување на примарната сообраќајна мрежа согласно ГУП на Град Скопје.

4.Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Општина Кисела Вода и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изготвил:
ЈНТ д.и.а.
Одобрил:
Радмила Шоповска

ГРАДОНАЧАЛНИК
Билјана Беличанец Алексиќ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ДУП за блок Ј20.04, четврт Ј20, реон Ј |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Кисела Вода |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Кисела Вода |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Радмила Шоповска д. г. и. |
| Назив на работното место | Помошник раководител на сектор за просторно и урбанистичко планирање |
| Контакт податоци за лицето | 02/2785-420 |

<table>
<tr><th colspan="4">Основни податоци за планскиот документ</th></tr>
<tr><td colspan="4">Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и подзаконските акти што произлегуваат од него.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да☒<br>Не☐</td></tr>
<tr><td colspan="4">Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дел од планскиот опфат е опфатен со ДУП Локалитет Бирарија ,<br>дел е опфатен со ДУП за една градежна парцела 1.6 дел од блок 1, локалитет Бирарија,Изменување и дополнување,<br>дел е опфатен со ДУП Изменување и дополнување на детален урбанистички план БИРАРИЈА Дел од Блок 4,<br>дел е офатен соДУП Изменување и дополнување на детален урбанистички план БИРАРИЈА Блок 3,<br>дел е офатен со ДУП Изменување и дополнување на детален урбанистички план БИРАРИЈА Дел од Блок 8,<br>дел е офатен со ДУП Измена и дополнување на детален урбанистички план ПРЖИНО 1 дел од УРБАН ДЕЛ 2 и дел од УРБАН ДЕЛ 3,<br>дел е офатен со ДУП Измена и дополна на детален урбанистички план ЦРНИЧЕ 2,<br>дел е офатен со ДУП ПРЖИНО 1 дел од УРБАН БЛОК 1 Измена и дополна,<br>дел е опфатен со ДУП нас. ПРЖИНО 1.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Не</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)</td></tr>
<tr><td>Да ☐<br>Не ☒</td><td>Член: /</td><td>Точка: /</td><td>Алинеја: /</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор..</td></tr>
<tr><td colspan="4">Не.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Не.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Целта на изработка на ДУП за реон Ј, четврт Ј20, блок 04, Општина Кисела Вода е следна:<br>• Потребно е да се изработи планскиот опфат за Детален урбанистички план.<br>• Да се планираат намени на земјиштето и градбите во согласност со</td></tr>
</table>

| |
|---|
| дефинираните со ГУП на Град Скопје 2012-2022.<br>• Да се планираат градежни парцели кои во најголема можна мерка ќе ја почитуваат постојната катастарска парцелација и сопственичката структура.<br>• Да се планира добра сообраќајна поврзаност која ќе обезбеди и добар развој и реализација на планската документација.<br>Со постигнување на наведените цели се добива потребна функционално-просторна организација на просторот и соодветен квалитет на живеење во истиот. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2014-2019 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| ................................. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Границата на планскиот опфат е дефинирана движејќи се по осовините на планираните улици од Урбанистичкиот план за четврти Ј20, Скопје, односно:<br>-на североисток границата се движи по собирните улици ''Антон Попов'' и "Димо Хаџи Димов";<br>-на југоисточната границата се движи по сервисната улица "Мариовска";<br>-на југозападната страна се движи по сервисната улица ''Милан Мијалковиќ'';<br>-на северозападната страна границата се движи по сервисните улици "Пржино" и ''Св.Наум Охридски'' и<br>- на североисточната страна по сервисната улица ''Павел Шатев''.<br>Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 32,90ха. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Согласно ГУП на Град Скопје 2012-2022, за подрачјето на предметниот ДУП за Градска четврт Ј20, блок 04, планирана е доминантна намена А (домување), со затапеност од 77.04% или 25,36ха, намена В (јавни институции) со максимум 6.22% или 2,12ха, како и секундарна сообраќајна површина со 15.44% или 5.09 ха.<br>Во предметниот ДУП се планираат следните класи на намени: А1 (домување во станбени куќи), А2 (домување во станбени згради), В1 (образование и наука), В2 (здравство и социјална заштита), В5 (верски институции), Д1(Парковско зеленило), Д2 (заштитно зеленило), Д3 (спорт и рекреација), Е1 (комунална инфраструктура, сообраќајни коридори), Е2 (комунална супраструктура, трафостаница). | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Самата предвидена планска содржина нема да има негативно влијание врз животната средина. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Нема. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Локалитетот се наога во близина на централното градско подрачје на Скопје. Големината на планираниот опфат изнесува 32.90ха. Основните предности на локалитетот се постојната инфраструктура и добра сообраќајна поврзаност со другите делови на градот. Планиран број на жители е 4010, односно бруто густина на нас е 165жители/ха. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Со урбанистичката планска документација се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намена согласност со ГУП на Град Скопје 2012-2022. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа на планскиот опфат ќе овозможи зголемена вредност на земјиштето. | |
| Посебни природни | Во границите на опфатот е инвентирано заштитено |

| | |
|---|---|
| карактеристики или културно наследство | добро односно Црквата Св. Петка. Соддветно е изработено Заштитно-конзерваторски основи за недвижно културно наследство, Анекс на основи за подрачјето на опфат на деталниот урбанистички план за градска четврт Ј20 Блок 04 за кој има Решение за одобрување на Анексот на заштитно-конерваторските основи Уп.бр.17-381 од 13.05.2016 год. издаено од Управа за заштита на културно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Нема надминување на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Локалитетот се наоѓа во близина на централното градско подрачје на Скопје. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Просторот нема посебни пејсажни вредности и се задржува постојната положба. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Планскиот документ претставува рамка во која се предвидува домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, како и парковско зеленило.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Со реализацијата на проектот и негово функционирање нема да има никакво влијание врз околината и животната средина.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Планската документација нема влијание врз животната средина.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Несоодветното управување со комуналниот отпад, како и испуштањето на санитарните води надвор од канализационата мрежа може да доведат до загадување на почвата и подземните води.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Подрачјето на предметниот локалитет е опфатен со Генералниот урбанистички план на град Скопје од 2012-2022година, со кој е одредена намената на земјиштето и градбите.
Дел од планскиот опфат е  опфатен со ДУП Локалитет Бирарија ,
дел е опфатен со ДУП за една градежна парцела 1.6 дел од блок 1, локалитет Бирарија,Изменување и дополнување,
дел е опфатен со ДУП Изменување и дополнување на детален урбанистички план БИРАРИЈА Дел од Блок 4,
дел е офатен соДУП Изменување и дополнување на детален урбанистички план БИРАРИЈА Блок 3,
дел е офатен со ДУП Изменување и дополнување на детален урбанистички план БИРАРИЈА Дел од Блок 8,
дел е офатен со ДУП Измена и дополнување на детален урбанистички план ПРЖИНО 1 дел од УРБАН ДЕЛ 2 и дел од УРБАН ДЕЛ 3,
дел е офатен со ДУП Измена и дополна на детален урбанистички план ЦРНИЧЕ 2,
дел е офатен со ДУП ПРЖИНО 1 дел од УРБАН БЛОК 1 Измена и дополна,
дел е опфатен со ДУП нас. ПРЖИНО 1.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.
............................

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

Во овој плански документ не се предвидува изградба на објект за кој е потребно да се изработи Елаборат за заштита на животна средина.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>Билјана Беличанец Алексиќ |
| Датум 28.10.2016<br>Место Општина Кисела Вода, Скопје | М.П. |